**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 07. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4789 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период од 22 септември до 1 октомври 2016 година, опфатени се девет целосни изданија на вестите емитувани во 18 часот и 45 минути и едно нецелосно издание. Поради технички проблеми со снимките од 27 септември, во периодот кога се емитуваат вестите, анализирани се само два

прилога од ова издание. Вкупното времетраење на прилозите коишто се предмет на анализа е 2 часа 3 минути и 8 секунди. Станува збор за прилози со информативен предзнак (вест, вест во низа, извештаи, извештаи со коментар, изјави).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:13:55 | 11,30 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:16 | 4,28 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:11 | 5,02 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:33 | 6,13 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:41 | 0,55 | % |
| Локална самоуправа | 00:13:42 | 11,13 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:41 | 2,99 | % |
| Без субјекти | 00:15:04 | 12,24 | % |
| Други субјекти | 00:10:38 | 8,64 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:38 | 3,76 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:44 | 1,41 | % |
| Влада на РМ | 00:08:54 | 7,23 | % |
| СДСМ | 00:06:29 | 5,27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:35 | 2,10 | % |
| Судство | 00:01:11 | 0,96 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:08 | 10,67 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:27 | 1,18 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:41 | 0,55 | % |
| Шарена револуција | 00:00:33 | 0,45 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:58 | 1,60 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:38 | 0,51 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:38 | 0,51 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:06 | 0,89 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:47 | 0,64 | % |
| | **Вкупно: 02:03:08** | 100 | % |

Двоцифрена процентуална застапеност во прилозите од вестите имаат четири субјекти – оние кодирани како *„без субјекти“*, потоа категоријата *експерти/аналитичари, локална самоуправа* и *амбасадори/меѓународни организации/странски политичари.*

Застапеноста на категоријата *„без субјекти“* се должи пред се на информациите поврзани со проблемите со превозот со коишто се соочија дел од учениците од тетовските средни училишта коишто секојдневно патуваат од околните населени места. Исто така, медиумот информираше и за протестите на дел од учениците од тетовската гимназија поради недостиг на соодветни просторни услови. Една од засегнатите страни што се појавува во овие прилози беа учениците и нивните родители (било да се говори за нив или се емитувани нивни изјави), коишто методолошки се кодирани како *„без субјекти“*. Дополнително, телевизијата во неколку наврати за одредени актуелни општествено-политички прашања, мислење бара од граѓаните, најчесто реализирано како анкета со случајни минувачи.

Простор да го искажат своито мислење за одредени актуелно-политички и општествени настани, телевизијата отстапува и на *експертите/аналитичарите*, па оттаму како второзастапена категорија според времето во анализираните прилози се појавуваат изнесените експертски ставови. Експертското мислење на универзитетски професори е доминантно во прилозите што се однесуваат на Предлог-буџетот за 2017 година и на актуелните политичко-предизборни случувања (состојбата на избирачкиот список, партиски коалицирања и др.).

Информациите за проблемите со превозот на учениците од средните училишта од Тетово и за просторните проблеми во тетовската гимназија, ја наметнуваат потребата да биде пренесен ставот на локалната самоуправа во врска со овие прашања, како најодговорна во нивното решавање. Последователните прилози во неколку дена за овие случувања, ја прават категоријата *локална самоуправа* третозастапена според отстапеното време во анализираните информации. За нејзината застапеност придонесуваат и два прилога во коишто се промовираат активности на локалната самоуправа од Тетово и општина Желино. Едниот прилог е посветен на градоначалничката на Тетово, Теута Арифи, којашто информира дека привршуваат работите околу изградбата на водоводната мрежа и најавува изградба на пречистителна станица, а другиот прилог говори за средбата на градоначалникот на Желино со жители од населеното место во врска со реализираните и планираните активности на општината.

Информациите за ставот на грчкиот премиер Ципрас кон името на РМ искажан во ОН, за средбата Поповски-Хан, ставови на Американската амбасада и на ЕУ во врска со кризата во Македонија, активности на мисијата на ОБСЕ во Скопје и сл., придонесуваат категоријата *амбасадори/меѓународни организации/странски политичари* да е процентуално и временски присутна колку и претходните две, *локална самоуправа и експерти/аналитичари.*

Простор е отстапен и за девет политички субјекти. Позастапени се двете политички партии од македонскиот политички блок, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, а медиумот информирал и за активностите на следниве политички партии: ДУИ, ДПА, ПДП, НДП, НСДП, СПМ, ДПА-ДР.

Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:02:23 | 6,51 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:03 | 5,60 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:34 | 1,55 | % |
| Други субјекти | 00:04:02 | 11,02 | % |
| Влада на РМ | 00:02:40 | 7,28 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:46 | 7,56 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:00 | 5,46 | % |
| СДСМ | 00:03:28 | 9,47 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:42 | 12,84 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:37 | 1,68 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:36 | 4,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:40 | 18,21 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:27 | 1,23 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:43 | 4,69 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:19 | 0,86 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:37 | 1,68 | % |
| | **Вкупно: 00:36:37** | 100 | % |

Речиси една петтина од времето одвоено за директен пристап до публиката е на категоријата методолошки одредена како *експерти/аналитичари*. Процентуално гледано, според остапеното време за директно обраќање во анализираните прилози, следуваат: локална самоуправа, други субјекти, СДСМ, ДУИ итн.

***Посебни информативни емисии***

Во извештајниот десетдневен период (22 септември - 1 октомври) не се емитувани посебни информативни програми.

***Сектор за програмски работи***